Бр: 03-16/5
Скопје: 15.06.2022

Врз основа на член 28 став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18) и член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10), Комисијата за заштита на конкуренцијата на седницата одржана на 15.06.2022 година го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

Комисијата за заштита на конкуренцијата го разгледа доставеното Барање на мислење од страна на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони бр. 13-812/1 од 19.05.2022 година (Наш бр. 03-16/4 од 20.05.2022 година), во врска со активностите за реализација на инвестицискиот проект на Друштвото за производство, трговија и услуги МАКДИА ДООЕЛ Илинден, со кој Владата на Република Македонија има склучено Договор за доделување на државна помош со бр. 03-657/1 од 30.03.2015 година врз основа на Решение 10-15 од 25.02.2016 година, издадено од страна на Комисијата за заштита на конкуренцијата .

Согласно правната рамка за доделување на државна помош и деловниот план на компанијата, МАКДИА ДОО Илинден е обврзана да инвестира износ не помал од 5.000.000 евра и да вработи најмалку 101 македонски државјанин најдоцна до 31 декември 2019.

Компанијата МАКДИА ДООЕЛ Илинден, на 28.10.2021 година, писмено ја известила Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони дека почнувајќи од февруари 2021 година бројот на работни места за кои е добиен грантот е под прагот кој претходно бил достигнат, односно не се во можност да ги извршат преземените обврски кои произлегуваат од Договорот за доделување на државна помош, како и за неможноста да ги пополнат работните места како резултат на пандемијата. Со ова МАКДИА ДООЕЛ Илинден, не е во можност навремено да ги изврши преземените обврски кои произлегуваат од Договорот за доделување на државна помош.

Врз основа на задолжение на Владата на Република Северна Македонија со бр. 40-6432/1 од 31.08.2021 година, Дирекцијата подготви Анекс договори кон Договорите за доделување на државна помош на Друштвото за производство, трговија и услуги МАКДИА ДООЕЛ Илинден со кои се уредуваат и дополнуваат меѓусебните договорни односи на начин обврската за одржување на работните места за македонските државјани за кои е доделена државна помош во форма на грант да се одложи за период од 12 месеци од моментот на известувањето од страна на компанијата дека има упразнети места.

Согласно Предлог Анекс Договорот бр. 1 ова одложување се однесува само за 40 работни места за кои е доделен грант на МАКДИА ДОО Илинден и за учество во трошоците за изградба а кој е достигнат на 31 декември 2019 година. МАКДИА

ДОО Илинден има обврска да ги одржува дополнително уште една година согласно обврските и роковите од Договорот, односно до 31.12.2025 година за грантот за работни места и до 31.12.2023 година за учество во трошоците за изградба.

Согласно горенаведеното, Комисијата за заштита на конкуренцијата со допис бр. 03-16/2 од 02.02.2022 година достави Мислење до Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони во врска со предлог Анекс договор бр. 1 во кое се укажува дека согласно Уредбата за условите и постапката за доделување на регионална помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 109/13), не е регулиран периодот на инвестицискиот проект како и тоа дека инвестицијата мора да се одржува во период од најмалку пет години по нејзината целосна реализација.

Во Мислењето бр. 08-559/2 од 09.03.2022 година, Секретаријатот за законодавство по однос на информација од Владата во врска со Анекс бр. 1 кон Договорот за доделување на државна помош склучен со Друштвото за производство, трговија и услуги МАКДИА ДООЕЛ Скопје и Диатекс Спа со бр. 03-657/1 од 30.03.2015, укажува дека рокот (31.01.2022) за кој се бараше одложување на периодот за обврска за одржување на работните места е надминат.

Во врска со ова известување, Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, подготви нов предлог текст на Анекс Договор бр. 1 кон Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство, трговија и услуги МАКДИА ДОО Скопје и Диатекс Спа од 30.03.2015 година, со кој се уредуваат и дополнуваат меѓусебните договорни односи на начин што обврската за одржување на работните места и учеството во трошоците за изградба кои Друштвото не успеало да ги одржи, се одложува за период од 24 месеци од моментот кога е евидентиран пад на бројот на работни места, односно од 31.01.2023 година. Прагот на вработување од 40 работни места за кои е доделен грант и учеството во трошоците за изградба, МАКДИА ДОО Скопје и Диатекс Спа, а кој е достигнат на 31 декември 2019 година, има обврска да ги одржува дополнително уште две години сметано од обврските и роковите согласно Договорот, односно до 31.12.2026 за грантот за работни места и до 31.12.2024 за учество во трошоците за изградба.

Комисијата укажува дека во Уредбата за условите и постапката за доделување на регионална помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 109/13), **не е регулиран периодот на инвестицискиот проект**. Оттука, Комисијата смета дека не е потребна интервенција во смисла на поништување или дополнување на постојното решение кое се однесува на оваа инвестиција.

Комисијата воедно укажува дека, согласно Член 6 од истата Уредба **инвестицијата мора да се одржува во период од најмалку пет години по нејзината целосна реализација**. Воедно, согласно Член 5 од Уредбата, давателот на државна помош е обврзан да води сметка максималниот интензитет на регионалната инвестициска помош да не го надмине износот од 50% од оправданите инвестициски трошоци.

Давателот на државна помош **има обврска** до Комисијата за заштита на конкуренцијата да достави годишен извештај согласно Законот за контрола на

државната помош и согласно Уредбата за начинот и постапката за поднесување на известување за доделување на државна помош, како и постапката за вршење надзор на постојната државна помош („Службен весник на Република Македонија,, бр. 142/11), на Образецот даден како Прилог III од горенаведената Уредба.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Проф. Д-р Владимир Наумовски**